# ПОЛИТИКА ЗА ВОДЕН ОТПЕЧАТОК

Оваа политика го дефинира пристапот за управување и за искористување на водните ресурси во „Алкалоид“, применувајќи ги принципите од целите за одржлив развој (SDG6) на Обединетите нации и насоките од Рамковната директива за води на Европската комисија за зачувување и за подобрување на статусот на водните тела.
Оваа политика се однесува на сите активности и на сите производи и процеси во рамките на интегрираниот систем за управување на „Алкалоид“, регулиран со cGxP, CE и со применетите стандарди во „Алкалоид“.

„Алкалоид“ е посветен на:

- идентификување на сите ресурси на вода, процеси и активности во компанијата каде што има потрошувачка на вода и нивно квантифицирање за одредување на водниот отпечаток;
- годишна пресметка на потрошувачката на вода – воден отпечаток – и следење/споредба на трендот во однос на потрошувачката на вода во 2022 како базна година;
- поставување мерки за намалување на потрошувачката на вода и за следење на нивната реализација, со цел заштита на природните ресурси;
- подигнување на свеста на вработените во однос на нивното влијание врз потрошувачката на вода;
- следење и практична примена на најновите иновации во областа на управувањето со водните ресурси, инфраструктурата и на производствените системи, како начин за постигнување поефикасно управување со потрошувачката на вода;
- примена на методите за рециклирање и за повторна употреба на водата во техничките системи, како дел од барањата за циркуларна економија;
- преработка на индустриските отпадни води со цел спречување на загадувањето на околните реципиенти и на животната средина;
- инкорпорирање на барањата за намалена потрошувачка на вода при развој на нови производи и при евалуација на нивното идно производство;
- поттикнување на ентитетите од синџирот на дистрибуција за примена на принципите за одржливо искористување на водните ресурси, со цел заштита на водата како значаен природен ресурс.

„Алкалоид“ ја покажува својата посветеност на принципите за управување со водните ресурси преку следните активности:

- поставување и јавно известување за целите за ефикасност на искористувањето на водата;
- промовирање и усвојување на најдобрите практики за управување со водите за сите промени во процесот, суровините, опремата и во просториите;
- правилно идентификување, следење и управување со ризиците при користењето на водата;
- насочена обука и едукација за персоналот и за засегнатите страни;
- соработка со засегнатите страни за поттикнување на свесноста за примена на најдобрите практики за управување со водите;
- примена и континуирано подобрување на системот за управување со животната средина.

Скопје, 14.02.2023 година

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Генерален директор
Живко Мукаетов